Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Годишното Собрание на Акционери на Друштвото, на седницата одржана на 30 мај 2023 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А**
**За усвојување на годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**
**За годината која завршува на 31 декември 2022 година**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп за годината која завршува на 31 декември 2022 година и придружните биланси:

- Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2022;
- Извештај за сеопфатната добивка за периодот 1 јануари – 31 декември 2022;
- Извештај за промените во капиталот;
- Извештај за паричните текови.

**Член 2**

Во извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2022 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Средства | во Денари 2.604.385.142,00 (Евра 42.203.496,00) |
| Капитал и обврски | во Денари 2.604.385.142,00 (Евра 42.203.496,00) |

**Член 3**

Согласно извештајот за сеопфатната добивка за периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година, вкупните приходи изнесуваат 1.889.362.975,00 Денари (Евра 30.660.576,00), а вкупните расходи 943.513.801,00 Денари (Евра 15.311.339,00). Добивката пред оданочување е во износ од 945.849.174,00 Денари (Евра 15.349.237,00), данокот на добивка е во износ од 86.222.762,00 Денари (Евра 1.399.223,00) и остварената нето добивка за деловната година е во износ од 859.626.412,00 Денари (Евра 13.950.014,00).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

______________________